РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 1409 - 42/4

30.10. 2020 год.-viti

Скопје - Shkup

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 04.11.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Njësia org. / Орг. единица / Org. unit | Numër / Број / Number | Bashkangj / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 950 | 4 | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 5 седница одржана на 29.07.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Архитектура и дизајн", од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Архитектура и дизајн", од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер инженер архитект /во меѓународен промет интегрирани академски назив Master of architecture.

4. Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки,
Научно – истражувачко поле: 201 Архитектура, урбанизам и планирање
Научно – истражувачка област: 20100 - Архитектонско проектирање и дизајн
20101 - Структурални анализи, 20102 - Нормативи во организацијата на просторот, 20103 - Развој на архитектурата и урбанизмот и културното наследство, 20104 - Методологија на проектирање, 20105 - Градски центри, 20106 - Рурална средина, 20107 - Инфраструктурни системи, 20108 - Материјали и технологија на градење, 20109 - Стандардизација на материјали и типизација на делови и градежен склоп, 20110 - Монтажа во масовна изградба, 20111 - Префабрикација и монтажа во архитектура, 20112 - Архитектонски конструкции, 20113 - Конзервација и ревитализација на културно историски споменици, 20114 - Урбано и просторно планирање и проектирање, 20115 - Урбанистички нормативи, 20117 - Архитектонска физика и, 20118 - Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 100 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 18-950/2 од 21.04.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Архитектура и дизајн науки" од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 47/2 од 07.05.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 4-та седницата одржана на 08.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 47/3 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 5-та седница одржана на 29.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски